Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран

**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.........................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА.........................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО.........................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ.............................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.....................................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН.......................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“...............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**
Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.....................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**
Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.....................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**
Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро......................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**
Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**
Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот.............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**
Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.......................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**
Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..............................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**
Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион..............................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран......155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)......161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион......171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран......185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран......191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран......197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-Р ВАНЃА ДИМИТРИЕВА – КУЗАМНОСКА**

СЕКОЈДНЕВНОТО КОРИСТЕЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ НОСИИ ВО УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ КАКО ЕДНА РАЗВОЈНА ТОЧКА ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН..........................................................................................................................219

**М-Р МАРИНА РАДОСАВЉЕВИЌ-БОЈЧЕВА, М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, М-Р КОСТАДИНКА ЧАБУЛЕВА**

ИПА ФОНДОВИ: МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.........................................................................................................................225

**БРАНКО БИЗОЕВ**

ДЕСТИНАЦИСКАТА МЕНАЏМЕНТ КОМПАНИЈА КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ И ГАСТРОНОМСКИ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.........................................................................................................................233

**ТИХОМИР РУЧКОМАНОВ**

ДОЈРАНСКА БАРТЕР БЕРЗА.........................................................................................245

**ПЕТРАНКА ЧАЛКОВ**

РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.....................................253

**ЕФТИМОВА ЕЛИЗАБЕТА, ДУКОВА МАЈА**

АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион" одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Доц. д-р Никола В. ДИМИТРОВ**[65]

# ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА ККК „ПОЛИН“ - ПОЛИФУНКЦИОНАЛНА СОДРЖИНА НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДОЈРАН

**Абстракт**

За унапредување на туризмот во Општина Дојран важни се сите иницијативни кои позитнивно влијаат на развојот. Во рамките на дозволениот простор ќе презентираме една идеја за која цениме дека има услови за брза реализација, а тоа е формирање на кајакарско кану клуб „Полин“ како полифункционална содржина која позитивно ќе влијаае врз развојот на туризмот во Општина Дојран.

**Клучни зборови**: Кајакарство, кану, клуб, веслање, сурфање, натпревари, бијатлон, туризам, Општина Дојран.

# FROM IDEA TO REALIZATION KKK „POLIN“ – MULTIFUNCTIONAL CONTENT OF TOURISM IN THE MUNICIPALITY OF DOJRAN

**Abstract**

For promotion od tourism in the Municipality of Dojran are all important initiative that pozitiv affect development. Within the space to present an idea of where we belive there are conditions for the rapid conversion, and it is forming canoe club "Polin" as multifunctional content positively to influence the development of tourism in the Municipality od Dojran.

**Key words:** Canoe, club, rowing, surfing, games, biathlon, tourism, Municipality Dojran.

## Вовед

Општина Дојран како езерско-туристичка дестинација има одлични услови за практикување на спортови на вода, а особено кајак и веслање на мирни води. Во прилог на оваа констатација оди умерено-топлата клима застапена речиси во текот на целата година (субмедиреранска клима, со средна годишна температура од 12-14°C,

[65] Доц. д-р Никола В. Димитров, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, е-мејл: nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

осонченост од 2500 часови), мирни и топли води, мала длабочина, пристапен брег и сл.

Во светски рамки кајакарско-кану спортот има долга традиција, па така денес во 121 држава членка на Светската Кајакарско-кану федерација, регистрирани се над 8.000 КК клубови, со над 2.000.000 членови. Од нив, во Европа има околу 4.000 клубови со над 1.000.000 членови, во САД околу 3.000 ККК, од кои 300 се универзитетски. На Балканскиот Полуостров регистирани се над 100 КК клубови со над 10.000 кајакари (во Грција 32 клуба, Бугарија 23, Србија 18, Македонија 15 итн).[66]

Кајакарската федерација на Македонија е формирана во 1947 година[67], и денес ја сочинуваат 15 клубови, од кои 11 клубови го практикуваат кајакот на диви води а 4 клубови на мирни води. Интересно е да спомeнеме дека, кајакарски кану клубови на мирни води има во Охрид („Стрмец“), Струга („Дрим“), Дебар („Радика“) и Прилеп („Арка“), додека пак, и покрај идеални услови за овој спорт, ваков клуб нема во Дојран, па ниту е предвиден со Стратегијата за развој на кајакарскиот спорт 2010-2014 година[68].

Во текстот што следи ќе ја презентираме нашата идеја за аргументирано формирање и опстојување на еден кајакарско-кану клуб во Дојран. Во контекст на генералниот став, предлагаме, овој клуб, покрај кајакарско-кану спортот на мирни води, би го негувал и традиционалниот начин на веслање со кораби, и се разбира со тоа значително би придонесол за зголемен број на гости и туристички промет во Општина Дојран.

## 1. Формирање на кајакарско-кану клуб „Полин“[69] – Дојран

На Дојранско Езеро уште во далечната 1955 до 1964 година, традиционално на 2-ри август се одржувала „Илинденска регата со кајаци“.[70] Регатата се одржувала по речиси целата должина на езерото и на истата учествувале каракари од сите републики на поранешна СФРЈугославија. Бидејќи регатата се одржувала во средината на туристичката сезона била масовно посетувана и следена од илијадници

[66] http://www.bhfinder.com/pdfs/20-147.pdf Rowing club directoru A-Z, 2010-2011, pg.287
[67] http://www.contact@canoe.mk http://canoe.mk/taxonomy/term/1
[68] http://www.contact@canoe.mk **Стратегија на КФМ за развој на кајакарскиот спорт 2010-2014**
[69] Полин – Средновековно име на Дојран
[70] Костадин Кајдамов (2006) Дојран низ вековите, Матица Македонска, Скопје, стр 544

гости. За жал оваа традиција се одржувала само десет години и беше единствена спортско - рекреативна манифестација во Стар Дојран и воопшто на Дојранско Езеро.

Денес, од одржувањето на последната регата се поминати приближно пет децении, време кое треба да биде прекинато, и да започне нова ера на формирање на кајакарско-кану или пак само весларски клуб во Дојран кој би го негувал К-К спортот, веслањето, кајак поло, традиционалното веслање со дојрански кораби, како и други слични спортови на вода. Во прво време К-К и веслањето како спорт би се практицирал само како рекреативен, а потоа и како универзитетски и професионален спорт.

Преглед 1. – Опис на идејата

| ОПИС НА ИДЕЈАТА | |
|---|---|
| **СОПСТВЕНИК/ци** | - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип[71], или<br>- Кајакарска федерација на Македонија, или<br>- Агенција за млади и спорт, или<br>- Македонски олимписки комитет, или<br>- Локална самоуправа на Општина Дојран, или<br>- Акционерско друштво, или<br>- Приватно лице / приватен клуб,... |
| **ЦЕЛНА ГРУПА** | - Деца, младинци, возрасни, гости – туристи,<br>- Рекреативци и спортисти<br>- Рекреативци: деца, младинци, возрасни гости-туристи,<br>- Спортисти: 1. Спортисти аматери: категорија на пионери - кадети (ученици), младинци - јуниори (ученици), сениори, (студенти, 2. Спортисти професионалци и ветерани. |
| **БИЗНИС ПЛАН** | **1.** Краток опис на фирмата-клубот ККК „ПОЛИН“ – Дојран (сопственик, локација, управување, пазар, цели, менаџмент, финансии – предвидени приходи/расходи, фактори за успех, вработени лица).<br>**2.** Анализа на пазарот – целна група (предвиден број на корисници – |

[71] Приоритет во реализација на оваа идејата му даваме на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип

| | |
|---|---|
| | рекреативци и спортисти), стратегија, состојба, иднина – проширување на бизнисот).<br>**3.** Цени – ценовник, модел – линија или палета на производи, услуги и дистрибуција.<br>**4.** Конкуренција – во моментот и во иднина.<br>**5.** Трошоци - Формирање на трошоци, трошоци за отварање на бизнисот, трошоци за инфраструктура и опрема (број на кајаци, кануа и сл.), трошоци за складирање, оперативни трошоци – залиха, тековни трошоци (фиксни и варијабилни), трошоци при проширување и проектирање на приходите и други трошоци,.<br>**6.** Број и структура на вработените лица - плати на вработените,<br>**7.** Идни планови (за една година, за две години, за три години), проширување, донесување на партнер, трансфер на сопственоста, продажба на бизнисот, затварање. |
| **ОПЕРАТИВЕН ПЛАН** | I фаза: Формирање на Универзитетски ККК „Полин“;<br>II фаза: План за реконструкција/адаптација на касарната;<br>III Фаза: Формирање на Универзитетски спортски кампус за повеќе спортови на вода и копно со седиште во Дојран. |
| **УСЛУГИ** | Обука, школа за веслање, рекреација, здравје, спортување. |
| **МАРКЕТИНГ** | Маркетинг план, План за промоција, План за комуникација, План за логистика |
| **РИЗИЦИ** | Начин на справување со ризиците. Минимум, доколку се практикува феријална пракса на студенти од УГД – од единиците - ФТБЛ, ЗФ, МФ, ЕФ, Факултет за физичка култура (во основање). |

Преглед 2 – Насоки за изработка на бизнис план

| **БИЗНИС ПЛАН** | |
|---|---|
| 1. Краток опис на фирмата - клубот | Сопственик УГД; Локација – Касарна, марина - пристаниште; Менаџерски тим 3 лица; Пазар – брегот и водената површина на Дојранско Езеро; Цели – обука, рекреација, спорт, здравје; Финансии – инвестиција од Фактори за успех – Вработени лица – 10 лица (3 лица менаџерски тим, 4 тренери, 3 други лица – одржување и чување на опремата). |
| 2. Анализа на пазарот – целна група | Предвиден број на корисници – рекреативци и спортисти. Стратегија за развој на К-К спортот, состојба, иднина – проширување на бизнисот (натпревари на републичко и меѓународно ниво, туризам, хотел - ресторан). |
| 3. Цени | Ценовник: **Само за веслање** - Изнајмување на кајак за веслање 50 ден. за 15 мин. = 200 ден./час. Во текот на денот (1х4х50х5=1000 по кајак; 5х1000 = 5000 денари дневна заработка од веслање, од тоа добивка = 2500 ден.). **Школа/обука** – Еднодневна = 600 денари, Дводневна = 1.000 денари. |
| 4. Конкуренција | Во моментот нема конкуренција на брегот на Дојранскотот Езеро. Во блиска иднина не се планира отварање на ваков клуб. |
| 5. Трошоци | Трошоци за отварање на бизнисот - почетна инвестиција 5.000 евра.<br>Трошоци за инфраструктура и опрема (кајаци, кануа и сл.). Нов кајак - од 250 до над 1.000 €**;** користен од 50 до 200 €; друга опрема 50-100 €, сталажа за транспорт 300 €; Минимум 10 кајаци: 5 кајаци едноседи и 5 кајаци двоседи. (10 х 300 = 3.000; 1 сталажа = 300 €, хангар за чување = 1.000 € и друга опрема - елеци, облека и сл. = 700 €; Вкупно 5.000 €. Рок на враќање на инвестицијата само од веслање = 124 дена. или за 4 месеци. |
| 6. Број на вработени лица | Во првата фаза работно ангажирани 3 лица. Во втората фаза вработени 6 лица (1 лице менаџер, 3 тренери, 2 други лица за одржување и чување на опремата). Вработените односно ангажирани лица во рамките на работните активности (период на |

| | |
|---|---|
| | ангажман во текот на цела година, кружен обрт на работата - лица кои имаат завршено факултет за физичка култура (спорт и рекреација). Во **првата фаза** ангажирани лицата за спорт и рекреација. Во **втората фаза** со адаптација на Касарната во мал хотел со ресоран, ќе бидат работно ангажирани и лица од Факултетот за туризам и бизнис логистика Во **третата фаза** вработени 16 лица (3 лица менаџерски тим, 4 тренери, 3 други лица за одржување и чување на опремата, 2 готвачи, 2 рецепционери, 2 собарици, во текот на цела година работно ангажирани и студенти практиканти како келнери, готвачи, рецепционери, хигиенирчари, а под менторство на професори и асистенти). Плати на вработените во рамките на работниот ангажман и дополнителната работа согласно договор за работа. |
| 7. Идни планови | Краткорочен план за една година. Среднорочен план за три години (адаптација на Касарната во хотел со ресторан). Петгодишен план (проширување на бизнисот, со нови содржини – центар за спортски обуки и школи, универзитетски натпревари и слично).<br>**<u>Престој во Универзитетки спортски кампус – хотел</u>**: минимум по 30 лица во викенд, 30 викенди, 50 евра ПП (30x30x50=45.000 €). Планирана мин.добивка = 15.000 €). Оптимална годишна посета до 1000 лица x 50 евра = 50.000 €, минимална добивка 30.000 €.<br>План за реконструкција/адаптација на касарната во мал хотел со ресоран (инвестиција од 100.000 €). Враќање на целата инвестиција од 100.000 евра = 3 години. |

## 2. Полифункционална улога на ККК „Полин“ Дојран

Покрај популаризација на кајакарството, преку клубот би се практицирал и традиционалното веслање со дојрански кораби, потоа кајк поло, триатлон (пливање, велосипедизам и атлетика, а во Дојран би се применил и т.н. „дојрански триатлон“ – веслање, велосипедизам и

пливање), пливање – пливачки маратон, возење со педалини и слично. Видови на сингл-дубло кајаци, кануа, катамарни и чамци кои би се изнајмувале за користење на Дојранското Езеро, за спорт и рекреација би биле следните: единечни, двојки, четворки, осмерец, кајак со педали, детски кануа, кануа за возрасни, дојрански кораб за веслање и други чамци.

За таа цел во текот на годината, а особено за време на летната туристичка сезона би се одржувале разни спортски натпревари на вода, како што се:

1. Кајакраски натпревари и манифестации:
   13 јули Светски ден на кајакот; 2-ри Август „Илинденска регата со кајак“, натпревари со различна должина и правци - слалом и спринт (натпревари на долги патеки - мараток: Стар-Нов Дојран = 3 км, Стар Дојран-Николиќ = 5 км., Стар Дојран – Дојрани/Грција = 2 км., Стар Дојран – Акролимни/Грција = 4 км.; „Дојрански кајак маратон“ = 15 км.); Велигденски кајак - „Дојранско јајце“ (прослава на симболот/ите на Дојранското Езерото - јајцевидна или маслинова форма, и на другите симболи –смоква, калинка, дојрански крап и рак и сл.);




2. Светска/Меѓународна кајакарска федерација - ICF; Светски куп во А и Б категорија; Светско првенство за јуниори и сениори; Европски и Балкански првенства; Првенства во Ц – категорија /национални/ Македонско првенство; Илинденски кајакарски слалом – ИКАС, Универзитетско првенство во веслање, кајак, кану и т.н.;
3. На теренот за Кајак Поло кој би бил заграден и со трибина за публика би се одржувале регионални и меѓународни натпревари;
4. На патеката за спринт со кајак во должина од 100 метри, би се одржувале натпревари во текот на целата година;
5. Во зимскиот период – поради поволната клима би доаѓале разни спортисти (кајакари,
   фудбалери, ракометари итн.) на повеќедневни подготовки;

6. Други спортови кои би се практикувале: голф, кугларство, велосипедизам, јавање коњи, стрелаштво, бамбинтон, палаглајдерство, сурфање, тенис, атлетика, фудбал, кошарка, ракомет, одбојка на плажа и т.н.



Касарна – Универзитетски спортски кампус



Разни канua за рекреативен и професионален спорт



Понтонско пристаниште



Рекреативно веслање




Професионални натпревари



Професионални натпревари




Кајак Поло



Катамаран